**Република Северна Македонија**
**Основен суд Охрид**
**Су-04.бр.23/22**
**13.05.2022 година**
**Охрид**

Врз основа на член 2, член 3 ст.2, член 21, член 35 ст.2 член 119 и член 120 ст.1, 2 и 3 од Законот за судска служба (*„Службен Весник на РМ“ бр.43/14*), член 5, член 6 ст.1 и 20-г ст.1 од Законот за вработените во јавниот сектор (*„Сл.Весник на РМ“ бр27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18*), а во врска со член 50 од Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд во Охрид, известувањето од Министерството за финансии бр.08-894/4 од 15.11.2021 година, и известувањето од Министерството за правда, бр.08-272/2 од 18.02.2022 година, Основниот суд во Охрид распишува:

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 2/2022**

За вработување на неопределено време на 1 (едно) лице на работно место – припадник на судска полиција на неопределено време

**Со што**
**СЕ ПОВТОРУВА ЈАВНИОТ ОГЛАС БРОЈ – 2/2021**

Поради неисполнување на занските услови пропишани во член 119 од Законот за судска служба

1. **<u>судски полицаец – 1 (еден) извршител;</u>**

Посебни услови предвидени со чл.119 од Законот за судска служба и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во основниот суд во Охрид:

- да не е постаро од 25 години;
- да е физички и психички способен за вршење на работите од судската полиција;
- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место – најмалку средно образование;
- да поседува општи и посебни работни компетенции потребни за работното место;
- актино познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на Здружението ALTE на европски тестатори или уверение од меѓународна институција, на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно BULATS или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ВБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ или Гете сертификат;

- со или без работно искуство.

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Охрид, кандидатот треба да ги исполнува и следниве општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:

- да е државјанин на Република Македонија;

- активно да го користи македонскиот јазик;

- да е полнолетен;

- да има општа здравствена способност за работното место;

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Работно време 40 часа неделно, сменско и работење во турнус.

Основна нето плата: **20.700,00 денари.**

Времетраење на работниот однос: **неопределено.**

Кандидатите се должни да поднесат молба за вработување и докази за исполнување на општините и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Молбата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, е-меил адреса и контакт телефон.

Рокот за поднесување на молбите изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот во дневните весници (несметајќи го денот на самото објавување).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Молбата со доказите, кандидатите се должни да ја доставаат непосредно во приемното одделение на судот, во работно време или по пошта на адреса:

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**
**Бул.„ М. Просветители“ бр.10 Охрид**
**(со назнака за Јавен оглас број - 2/22)**

**Ненавремените, нецелосно пополнети, неуредни и некомплетни молби нема да се разгледуваат.**